ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 08-991/10
18.07.2022 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за Локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 5/2002 ) и член 4 став 5 од Правилникот за начинот и постапката за распишување на јавен оглас, селекција и вработување на професионални пожарникари во ТППЕ Кратово Бр. 01-1566/3 од 29.11.2016 година, Градоначалникот донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати по Оглас бр.3/2022 во ТППЕ Кратово

За кандидати по Оглас бр.3/2022, за работните места под точките 1 и 2 во Територијалната Противпожарна Единица Кратово, се избираат:

1. Пожарникари спасители со шифра ПОЖ 0210 В04 за 4 (четири) извршители на работно место во ТППЕ Кратово – **4 (четири) кандидати**
   - Иванче Јованов
   - Оливер Илиевски
   - Бобан Митковски
   - Стојанче Георгиевски.
2. Хигиеничар/ка со шифра УПР 0405 А03 004 за 1 (еден) извршител на работно место во ТППЕ Кратово – **1 (еден) кандидат**
   - Сашка Гроздановска.

3.Кандидатите се избираат врз основа на Предлог листа на кандидати доставена до Градоначалникот на општината со бр.04-991/9 од 11.07.2022 година од Комисијата за селекција.
4. Одлуката се донесува во законскиот рок од 15 дена, во рок од 8 дена по правосилноста ќе се донесат решенија за вработување на кандидатите.
5.Одлуката стапува на сила на 18.07.2022 година.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Согласно Огласот бр.3/2022 распишан од општина Кратово на 05.07.2022 година со арх.бр.04-991/1 од 04.07.2022 година, објавен во Дневните весници Нова Македонија и Лајм и на веб страната на општина Кратово, за пополнување на 5 работни места во ТППЕ Кратово, Комисијата за селекција на кандидати по извршената селекција достави предлог кандидати за избор до Градоначалникот на општина Кратово со бр.04-991/9 на 11.07.2022 година, во рок од 15 дена да изврши избор на кандидат за вработување.

Во законскиот рок се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Незадоволните кандидати имаат право на Приговор до Градоначалникот на Општина Кратово, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето Одлуката.

**Градоначалник на општина Кратово**
**Тодорче Николовски**